## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ДОГОВОРНО ПРАВО“ ОД ДОЦ. Д-Р БОРКА ТУШЕВСКА-ГАВРИЛОВИЌ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука број 1102-129/15 од 16.6.2016 год., Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 14.6.2016 год., ги избра рецензентите:

- д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- д-р Неда Здравева, доцент на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

со задача да изготват и достават писмена рецензија на „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ДОГОВОРНО ПРАВНО“ од д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Комисијата во горенаведениот состав со внимание го прегледа трудот на авторката, направи детална анализа и преглед на скриптата и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

„Скрипта по предметот Договорно право“ е од областа на граѓанското право. Во скриптата авторката се фокусира на посебните граѓански договори и преку една системска и продлабочена анализа структурира концизен материјал во кој се анализирани поимот на договорите, основните права и обврски, правните последици од повредата на обврските, основните за престанок на договорите и останатите специфики за секој од одделните институти што се предмет на анализа.

Авторката тргнува од еден однапред структуриран концепт на пишување и истиот го применува на сите договори што се предмет на проучување. Имено, тргнувајќи од законските решенија, преку теоретските анализи во домашното и компаративното право и судската практика во Република Македонија, авторката кај сите видови договори тргнува по концептот поим, права и обврски, одговорност, правни последици, соодветни специфики на одделните договори и основи за престанок на договорите.

Со целосно запазен континуитет во пишувањето, авторката во ниту еден сегмент не отстапува од утврдената структура и содржина, и на тој начин успева да напише прегледен, прецизен, јасен и лесно читлив материјал. При изучувањето на материјалот во скриптата, студентите имаат јасен преглед и структура за сите аспекти на секој од поединечните договори што се предмет на проучување. На овој начин, авторката во скриптата им овозможува на студентите на полесен начин да ги компарираат институтите, да ги разграничат еден од друг, со што би можеле да ги согледаат сличностите и разликите помеѓу договорите и определувањето на правната природа на секој од нив.

„Скрипта по предметот Договорно право“ е наменета за студентите од правни студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во рамки на студиската програма на правните студии, предметот Договорно право има статус на задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+1 и носи 6 ЕКТС.

Со објавувањето на оваа скрипта, студентите на Правниот факултет ќе имаат можност материјалот предвиден во наставниот курукилум по предметот Договорно право да го совладаат на поедноставен начин, преку проучување на законските решенија, застапените теоретски становиште кои се однесуваат на законските решенија и македонската судска практика во областа на договорно право.

Посебна вредност на скриптата, истовремено и голема предност за студентите при изучувањето на овој материјал, претставува тоа што авторката на успешен начин покрај

теоријата во скриптата вклучува и практика што се однесува на секој поединечен договор што е предмет на проучување во наставниот курикулим по договорно право. Имено, при анализа на секој од договорите што се дел од наставниот курикулум, авторката се послужила со практиката што ѝ била на располагање и на успешен начин успеала низ призмата на практиката да го елаборира секое поединечно прашање за кое што сметала дека треба да биде предмет и на практична анализа.

Во еден континуитет и тоа како од аспект на структура така и од аспект на содржина на скриптата, од почеток авторката се служи со пресуди од македонската судска практика на првостепените и апелациските судови во Република Македонија.

Овој начин на пишување им дава можност на студентите да ја видат практичната примена на законските решенија, односно имплементацијата на законските решенија во реални судски спорови во надлежност на основните и апелациските судови во Република Македонија.

**Податоци за обемот на ракописот**

Скриптата по предметот Договорно право има 203 страници напишани во А4 формат, со фонд на букви Ариел и големина на фонд 12. Обемот на содржината ги задоволува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Според сознанијата на Комисијата, ваков или сличен учебник во домашната правна литература не постои. Иако во учебникот по облигационо право на проф. Гале Галев и проф. Јадранка Дабовиќ-Анастасовска еден дел се однесува на посебните видови на договори, во рамки на овој труд на сеопфатен начин, со фокус на секој поединечен договор се обработени сите аспекти на секој поединечен договор и истите се доведени во врска со практичната имплементација на законските решенија со кои се уредува оваа проблематика.

**Краток опис на содржината**

Основниот текст на скриптата содржи поглавја кои кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на насоката на правни студии, каде што се изучува предметот Договорно правно. Во скриптата договорите се обработувани според структурата по која се предвидени во Законот за облигациони односи на Република Македонија.

Договорите се поделени во посебни поглавја по класификација според правната основа на секој од договорите, односно по групи во кои спаѓа секој од анализираните договори во материјалот и тоа: *договори што се правна основа за пренесување на правото на сопственост врз ствар*: продажба, размена, заем, дар; *договори што се правна основа за користење и чување на туѓа ствар*: закуп, послуга, депозит; *договори што се правна основа за здружување а средства*: ортаклак*; договори што се правна основа за вршење на услуги*: договор за залог, договор за гаранција, банкарска гаранција.

Во обработувањето на поединечните договори, авторката во скриптата го запазува редоследот од Законот за облигациони односи и почнува со анализа на договорот за продажба каде што посебно внимание посветува на договорите за продажба со особени погодби, предвидени како договори со посебни специфики во однос на продажбата. Авторката посебно внимание посветува на карактеристиките на овие договори за продажба, истакнувајќи ги разликите и спецификите во однос на правиот режим што се однесува на општата продажба.

Во овој дел авторката ги истакнува спецификите на договорот за продажба со задржување на правото на сопственост. Во овој дел авторката ги разграничува и правилата на продажба со отплата на цената на рати, продажба по спецификација, продажба со задржување на правото на сопственост, продажба со право на првенствено купување, продажба по мостра и модел итн.

Во контекст на проучувањето на секој од овие договори за продажба со особени погодби, авторката анализира соодветни пресуди што покрај теоретското му даваат и практично знаење на студентот, односно способност за практична имплементација на одредбите за продажба и договори за продажба со особени погодби.

Покрај продажбата на којашто авторката посветува најмногу внимание, во оваа категорија на договори авторката ги обработува и договорите за размена и заем истакнувајќи ги спецификите на овие два договора, истовремено разграничувајќи ги по основа на суштинските разлики и обележја, истовремено разработувајќи ја правната природа на секој од овие договори. Понатаму во скриптата авторката ги анализира договорите за послуга, налог и дело, задржувајќи се на разликите во поглед на правната основа на овие институти, истовремено на обележјата кои ги разграничуваат. За забележување е нагласувањето на разликите што ги истакнува авторката во овој дел, со цел да му ја разграничи на студентот правната основа за давање на предметите во послуга, наспроти заемот како правна основа за стекнување на сопственост на зајмената ствар. Авторката во овој сегмент го разграничува делото од налогот, служејќи се и со практични примери низ призмата на судовите во Република Македонија.

Од аспект на користењето на практиката, идентичен е концептот на елаборирање и во делот на проучувањето на заемот и послугата. Имено, иако анализата на договорите е направена запазувајќи го редоследот од законот, авторката со право во одредени делови се повикува и на други договори, при што успева на студентите да им презентира логичко разграничување и поврзување на институтите во теоретска и практична смисла, без разлика што станува збор за договори со различна правна основа.

Овој принцип на пишување на скриптата јасно се забележува и во делот што го обработува договорот за дело и градење, каде што авторката на јасен начин укажува дека во основата на договорот за градење е договорот за дело со соодветни специфики кои произлегуваат градењето како дејност. Во секој сегмент и по секој договорот авторката нагласува кое право е применливо доколку со одредбите со кои се уредува конкретното правно дело одредено прашање не е определено. Авторката тоа го прави не само во деловите каде што тоа е предвидено со изречна законска одредба, туку и таму каде што тоа не е предвидено, а каде што произлегува до правната природа и карактеристиките на одделите прави дела. На овој начин студентите добиваат целосна претстава за договорно право како правен механизам за пренесување на сопственоста, вршењето на услуги, здружувањето на средства со цел поделба на добивката и загубата, зајакнувањето на побарувањата во правниот промет на стоки и услуги.

Запазувајќи го овој концепт, за авторката е посебно важно студентите да ја совладаат правната природа на секој од договорите и теоретски основи на секој од одделените институти. Доволна е само површна анализа на секој од договорите да се констатира дека авторката првенствено и со посебно внимание се фокусира на разграничувањето на еден во однос на друг институт и доведување на истите во врска со создавање на целосна претстава за посебните категории на договори, издвојувајќи ги според правната основа по што се класифицираат во теоријата.

Посебно во еден дел од скриптата авторката го анализира договорот за ортаклак, чијашто правна основа е здружување на средства. Авторката посебно внимание посветува на генезата на настанувањето на ортаклакот и истиот го доведува во врска со јавното трговско друштво, преддруштвото во смисла на статусното право, каде што ортаклакот претставува база на којашто се надградуваат спецификите на правните лица. На овој начин студентите се стекнуваат со знаења во еден поширок концепт, системско и во функција на поврзување на правните концепти и развивање на правиот резон и логика.

Во посебен дел и сосема со право авторката посветува големо внимание на договорите што се правна основа за зајакнување на побарувањата. Фокусот на зајакнувањето на побарувањето во потрошувачките договори Б2Ц, посебно на договорите за кредит. Авторката успеала договорите кои имаат заедничка нишка и обележја или кои произлегуваат еден од друг да ги анализира преку поврзување на нивните главни карактеристики. Во оваа смисла при анализирањето на договорот за заем авторката се впушта и во анализа на одредени аспекти на договорот за кредит, обезбедувањата по основа на кредит како споредни правни дела од акцесорна природа и тоа: гаранција, договорна казна, банкарска гаранција итн.

Во договорите за обезбедување на побарувањата како облигациони средства за обезбедување на побарувањето, авторката посебно внимание посветува на определувањето

на правната природа на овој договор, квалификувајќи го како сложено правно дело што во себе содржи елементи на повеќе договори нагласувајќи го односот на налогодавач и налогопримач на главниот должник и гарантот и односот на гарантот и доверителот по основа на договорот за гаранција. Во овој дел авторката успешно го разграничува гарантирањето кај потрошувачките и трговските договори истакнувајќи го законски определениот статус на гарант-платец кај трговските зделки, супсидијарен гарант, гарантов гарант.

Во еден заеднички контекст авторката ги обработува и останатите договори што се правна основа за вршење на услуги и тоа: договорот за сеф, договорот за банкарска тековна сметка, организирање на патување, посреднички договор за патување, договор за алтоман, депозит итн.

Тргнувајќи од сложеноста на осигурувањето, во скриптата посебно внимание е посветено на осигурувањето како дејност, со фокус само на општите одредби и посебните одредби кои се однесуваат на осигурување на лица. Авторката не навлегува во правниот режим и практика што се однесува на осигурувањето на имот, од причина што вниманието е насочено кон граѓанските, односно потрошувачките договори.

Во делот на осигурувањето вниманието е на животното осигурување, осигурување за несреќен случај и исклучените ризици. Во овој сегмент авторката на кратко ги елаборира и карактерот и природата на општите услови на работење, во кои се содржани повиците за упатување на понуда од страна на потрошувачите во Б2Ц договорите.

Конечно, следејќи го законскиот редослед на уредување на договорите, авторката последно се задржува на порамнувањето како вонсудско правно дело по основа на што страните се согласуваат да ги отстранат неизвесноста и спорот што настанал помеѓу нив. Во овој дел за забележување е анализата и разграничувањето на новацијата како начин на престанување на правното дело и порамнувањето како вонсудска спогодба за уредување на правата и обврските. Авторката и во овој дел се послужила со соодветна и релевантна судска практика како соодветен модус да им се презентира на студентите целосна слика за овој сложен граѓанско-правен институт.

Изучувајќи ја оваа материја, студентите би стекнале сеопфатно познавање и би добиле една поцелосна претстава за суштината на проблематиката на договорно право, посебно имајќи ги предвид спецификите на секој од поединечните договори кои се разликуваат во поглед на општото учење.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот анализиран и елабориран во „СКРИПТАТА ПО ПРЕДМЕТОТ ДОГОВОРНО ПРАВО" ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Договорно право.

Според начинот на којшто овој материјал е структуриран, презентиран и елабориран, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на наставната материја по предметот Договорно право.

Авторот успеал на сумарен и прецизен начин, користејќи референта литература, да ја презентира материјата и истата низ призмата на судски пресуди да ја презентира низ практичната примена на законските решенија. Без да навлегува во теоретски дилеми, анализа на спротивставени теоретски становишта, авторката се фокусирала на позитивното право и реалната судска практика како материјал подобен за студентите од прв циклус. Авторката со право констатира дека на посебни теоретски делиберации и посебна анализа на филозофски аспекти на договорното право, оправданоста на некои законски решенија не им е местото овде. При совладувањето на оваа материја студентите мора да имаат на располагање јасен, добро концептиран материјал што ги обработува законските решенија во една чиста конотација, согласно со основните принципи на приватното право и судската практика.

Токму ова авторката успеала да го постигне. Одвојувајќи го битното од помалку битното, без да се запостави кој било битен сегмент на договорното право, на мислење сме

дека авторката со оваа скрипта ќе ја постигне главната цел - да придонесе во процесот на полесно и системско совладување на оваа материја од страна на студентите. За истакнување е фактот што авторката водела сметка за сите аспекти на постигнување на целта поставена при пријавувањето на овој труд. Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на „**Скрипта по предметот Договорно право”** и за таа цел му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правен факултет при УГД да ја усвои рецензијата и да го одобри издавањето на оваа интерна скрипта во е-библиотека на УГД, како електронска верзија на рецензирана скрипта предвидена во програмата на прв циклус правни студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Неда Здравева, доцент, с.р.**